Република Северна Македонија
КОМИСИЈА ЗА СПРЕЧУВАЊЕ
И ЗАШТИТА ОД ДИСКРИМИНАЦИЈА

КСЗД

Republika e Maqedonisë së Veriut
KOMISIONI I PARANDALIMIT
DHE I MBROJTJES NGA DISKRIMINIMI

Архивски број: 08-234/3
__________ година

Постапувајќи по претставката бр. 08 - 234 од 17.3.2023 година, поднесена од [redacted], Комисијата за спречување и заштита од дискриминација (Сл. Весник на РСМ бр. 258/2020) на 11.4.2023 години, го донесе следниот

**З А К Л У Ч О К**

**СЕ ОТФРЛА** претставката бр. 08-234 од 17.3.2023 година, поднесена од [redacted] **ЗАРАДИ НЕУРЕДНОСТ.**

**О б р а з л о ж е н и е**

На 17.3.2023 година до Комисијата за спречување и заштита од дискриминација беше доставена претставка за заштита од дискриминација од страна на [redacted]

Согласно член 24 став 1 од Законот за спречување и заштита од дискриминација претставката треба да ги содржи следниве елементи: податоци за подносителот, податоци за лицето против кого се поднесува претставката, околностите и фактите врз кои се темели претставката, податоци за правните дејства што претходно ги вложил подносителот, доколку ги има и потпис на подносителот.

Од причина што претставката не содржеше доволно факти и околности за наводна сторена дискриминација, на ден 27.3.2023 година Комисијата согласно член 24 став 2 од Законот за спречување и заштита од дискриминација до подносителот достави Барање за доуредување на претставката. Со барањето подносителот беше задолжен во рок од 8 дена од приемот на барањето да ја доуреди претставката, во насока што ќе наведе дополнителни факти и околности, како и докази кои го поткрепуваат изнесеното тврдење за дискриминација.

Испратеното Барање за доуредување беше вратено назад до Комисијата поради „непознат примач" на наведената адреса, по што беше направен обид подносителот на претставката да биде исконтактиран преку телефонскиот број и електронската адреса наведени во претставката. Меѓутоа, и овие обиди беа неуспешни поради фактот што оставените адреси и телефонски број беа непостоечки, односно погрешни.

Следствено на тоа, Комисијата за спречување и заштита од дискриминација одлучи како во диспозитивот и ја отрфрли претставката поради неуредност.

Скопје
11.4.2023 година

Комисија за спречување и заштита од
дискриминација
Претседател на Комисијата
Исмаил Камбери